# ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ПРИМЕРОК

Објавен во "Службен весник на Р.М." број 11/94 од 08 март 1994 год.

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и постапката за задолжително доставување публикации на организации определени со овој закон, заради заштита, чување и користење (задолжителен примерок).

Член 2

Доставувањето задолжителен примерок е работа од јавен интерес.

Задолжителниот примерок се заштитува, чува и користи според прописите за посебна заштита на предмети од посебно културно и историско значење.
Средства за обезбедување на задолжителниот примерок и за заштита, чување и користење се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Член 3

Публикација во смисла на овој закон е: книга, брошура, периодична публикација, патент и стандард, нотен запис, репродукција на ликовно дело и цртеж, картографски материјал, поштенска и таксена марка, календар, програма, проспект, леток, плакат, каталог, телефонски именик, образец, разгледница, фотографија, дијапозитив, грамофонска плоча, носач на тон (магнетофонска, магнетна и друга лента и друго) и други слични дела што се умножуваат на друг начин и се наменети за јавност.

Публикација во смисла на овој закон е и носач на слика и тон (тонска копија на филмска лента, видео лента и друго) што се умножува и е наменет за јавност.

Публикација во смисла на овој закон се и државни пари (банкноти и монети) и магистарски и докторски трудови.

Член 4

Печатарот на публикацијата од член 3 став 1 на овој закон доставува пет задолжителни примероци на Народната и универзитетска библиотека "Климент Охридски" - Скопје од кои по еден е за Матичната универзитетска библиотека "Климент Охридски" - Битола и Народната библиотека "Гоце Делчев"-Штип.

Печатарот на публикацијата од член 3 став 2 на овој закон доставува еден задолжителен примерок на Кинотеката на Република Македонија.

Во случај кога публикација се печати, умножува, односно довршува во странство издавачот од Република Македонија на публикациите од член 3 ставови 1 и 2 на овој закон го доставува задолжителниот примерок, согласно со овој закон.

Член 5

Во случај кога во печатењето, односно умножувањето на публикацијата учествуваат повеќе печатари, задолжителниот примерок го доставува последниот печатар.

Член 6

Задолжителниот примерок се доставува веднаш по завршувањето на печатењето, односно умножувањето на публикацијата, а пред дистрибуирањето.

Во случај кога публикацијата се печати, односно умножува во странство задолжителниот примерок се доставува веднаш по увозот на публикациите (внесување во земјата), а пред пуштањето во промет.

Член 7

Во случај кога публикацијата е издадена посебно на повеќе јазици, на различни писма, во повеќе изданија, со изменета насловна страна, нови корици, со дополнета или изменета

содржина, задолжителниот примерок се доставува за секој јазик, писмо и издание, за секое повторно печатење, односно умножување, согласно со овој закон.

Член 8

Задолжителниот примерок се доставува во идентична состојба во која публикацијата ќе биде дистрибуирана.

Член 9

Секој печатар и овозможува увид на Народната и универзитетска библиотека "Климент Охридски", односно на Кинотеката на Република Македонија во евиденцијата на печатените, односно умножените публикации.

Член 10

Секој печатар и доставува извештај на Народната и универзитетска библиотека "Климент Охридски", односно на Кинотеката на Република Македонија за сите печатени, односно умножени публикации, секои три месеци.

Секој издавач со седиште во Република Македонија и доставува извештај на Народната и универзитетска библиотека "Климент Охридски", односно на Кинотеката на Република Македонија, за сите печатени, односно умножени публикации во странство, секои три месеци.

Член 11

Народната банка на Македонија доставува по три идентични примероци од секоја нова државна пара (банкнота, монета) на Музејот на Македонија - Археолошки, Историски и Етнолошки - Скопје, пред нејзиното пуштање во промет.

Член 12

Универзитетите во Република Македонија доставуваат по еден примерок од магистерски, односно докторски труд на Народната и универзитетска библиотека "Климент Охридски", веднаш по нивната одбрана.

Член 13

Секој печатар, односно издавач од членовите 4 и 5 на овој закон на задолжителниот примерок ги отпечатува, односно втиснува зборовите: "задолжителен примерок".

Член 14

Задолжителните примероци се ослободени од надомест за поштенски услуги и данок на промет.

Член 15

Заштитата, чувањето и користењето на задолжителниот примерок, се утврдува со општи акти на Народната и универзитетска библиотека "Климент Охридски", на Кинотеката на Република Македонија и Музејот на Македонија - Археолошки, Историски и Етнолошки, а во согласност со Министерството за култура.

Член 16

Министерството за култура врши управен надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон.

Член 17

Со парична казна од 40 до  100 плати, ќе се казни за прекршок, правното лице кое не доставило задолжителен примерок (член 4 ставови 1, 2 и 3).

Со парична казна од пет до петнаесет плати, ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и одговорното лице во правното лице.

Со парична казна од десет до петнаесет плати, ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член, поединец кој врши самостојна дејност.

За прекршокот од став 1 на овој член на правното лице, односно на поединецот кој врши самостојна дејност, ќе му се изрече заштитна мерка забрана на вршење на дејност во траење од три месеци до една година и заштитна мерка одземање на публикации во соодветен број утврден со овој закон, заради обезбедување на задолжителен примерок.

Член 18

Со парична казна од една до две и пол плати, ќе се казни за прекршок физичко лице (автор) кое не доставило задолжителен примерок (член 4 став 3).

За прекршокот од став 1 на овој член на физичкото лице, ќе му се изрече заштитна мерка одземање на публикации во соодветен број утврден со овој закон, заради обезбедување на задолжителен примерок.

Член 19

Со парична казна од 30 до 80 плати, ќе се казни за прекршок правното лице кое нема да достави задолжителен примерок во состојба утврдена со овој закон (член 8).

Со парична казна од три до дванаесет плати, ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и одговорното лице во правното лице.

Со парична казна од осум до петнаесет плати, ќе се казни за прекршокот од став 1 на овој член, поединец кој врши самостојна дејност.

Со парична казна од една половина до две и пол плати, ќе се казни за прекршокот од став 1 на овој член физичко лице.

За прекршокот од став 1 на овој член на правното лице, односно поединецот кој врши самостојна дејност, односно физичко лице, ќе му се изрече заштитна мерка одземање на публикации во соодветна состојба и број, утврдени со овој закон, заради обезбедување на задолжителен примерок.

Член 20

Со парична казна од 30 до 80 плати, ќе се казни за прекршок правното лице кое нема да и овозможи увид или нема да доставува извештај секои три месеци (членови 9, 10 ставови 1 и 2 и 13).

Со парична казна од три до дванаесет плати, ќе се казни за прекршокот од став 1 на овој член и одговорното лице во правното лице.

Со парична казна од десет до петнаесет плати, ќе се казни за прекршокот од став 1 на овој член и поединец кој врши самостојна дејност.

Член 21

Со парична казна од 20 до 60 плати, ќе се казни за прекршок правното лице кое не доставило задолжителен примерок во утврден број (член 4 ставови 1 и 2).

Со парична казна од две до десет плати, ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и одговорното лице во правното лице.

Со парична казна од шест до дванаесет плати, ќе се казни за прекршокот од став 1 на овој член поединец кој врши самостојна дејност.

Со парична казна од една половина до две плати, ќе се казни за прекршокот од став 1 на овој член физичко лице.

За прекршокот од став 1 на овој член на правното лице, на поединецот кој врши самостојна дејност, односно на физичкото лице, ќе му се изрече заштитна мерка одземање на публикации во соодветен број утврден со овој закон, заради обезбедување на задолжителен примерок.

Член 22

Со парична казна од 20 до 40 плати, ќе се казни за прекршок правното лице кое нема да достави задолжителен примерок во определено време (член 6 ставови 1 и 2).

Со парична казна од една до осум плати, ќе се казни за прекршокот од став 1 на овој член и одговорното лице во правното лице.

Со парична казна од пет до десет плати ќе се казни за прекршокото од став 1 на овој член поединец кој врши самостојна дејност.

Со парична казна од една до две плати, ќе се казни за прекршок физичко лице кое нема да достави задолжителен примерок, во определено време (член 6 став 2).

Член 23

Одземените публикации од член 17 став 4, член 18 став 2, член 19 став 5 и член 21 став 5 на овој закон, надлежниот орган ги предава на организациите определени во член 4 ставови 1 и 2 на овој закон.

Член 24

Општите акти од член 15 на овој закон ќе се донесат во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 25

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за доставување печатени работи на определени установи (“Службен весник на СРМ” број 34/72 и 51/88), Правилникот за задолжително доставување носачи на звук и слика (“Службен весник на Република Македонија” број 29/91), член 26 став 1 и делот од одредбите на член 42 став 1 што се однесува на рокот за изработка на тонска копија на филмска лента, на Законот за филмска дејност (“Службен весник на СРМ” број 15/86, 51/88 и “Службен весник на Република Македонија” број 12/93).

Член 26

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.